Бр./Nr 12-1617/9
28-10-2024 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-1617/1 од 16.05.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1617/1 од 16.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1617/1 од 16.05.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно работење во службата од страна на службено лице ///, директор на ///. Подносителот на пријавата наведува дека подолг период не добил одговор по поднесено барање за користење на пасиште во државна сопственост за ///. Подносителот го поднел барањето во подружницата на горе означеното ЈП во ///.

Со цел испитување на наводите од пријавата, ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација за предметниот случај од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, Државен управен инспекторат на РСМ и горе означеното ЈП и врз основа на добиената документација оцени дека предметот нема елементи за натамошно

постапување. Од обезбедената документација произлезе дека за предметниот случај, горе означеното ЈП во 2023 година и во тековната 2024 година не објавило јавен оглас за доделување на користење на пасишта во државна сопственост. Дополнително, подносителот се обратил и до директорот на горе означеното ЈП со претставка дека не било постапено по неговото поднесено барање за користење на пасиште во државна сопственост, од каде било одговорено на подносителот со Известување бр. /// од /// година, во кое е наведено дека такво барање подносителот воопшто не доставил до подружницата на горе означеното ЈП во ///. Следствено, ДКСК одлучи да ја запре постапката и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Т. Д., претседател

Доставено до:
- Подносителот